Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

**Бр. 13-1855/5 од 10.05.2021 год.**
**( врска бр. 13-1880 од 2020 год.)**

Врз основа член 24 и член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 163/16, 64/18 и 168/2018), и член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 58 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Сл.гласник на Кисела Вода бр.01/2020"), и Годишна програма (Ф) за урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2019 година со решение бр. 09-10814/4 од 25.12.2018 година, Годишна програма (Ф) за урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2020 година со решение бр. 08-10101/12 од 25.12.2019 година и Годишна програма (Ф) за урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2021 година со решение бр. 09-9341/4 од 30.12.2020 година за изработка на Детален урбанистички план за Реон Ј, Градска четврт Ј17 - блок Ј17.06, предлог план, по прифатена иницијатива, Градоначалникот на Општина Кисела Вода донесе:

# РЕШЕНИЕ

за формирање комисија за спроведување на постапка
за јавна анкета и јавна презентација по
Детален урбанистички план за Градска четврт Ј17, блок Ј17.06, предлог план,
Општина Кисела Вода,
Плански период 2020-2025

1. Се формира Комисија за спроведување на јавна анкета по Детален урбанистички план за Градска четврт Ј10, блок Ј17.06, предлог план, Општина Кисела Вода.

2. Комисијата има задача да подготви и објави анкета за изложување на предлог Деталниот урбанистички план, да ја следи јавната анкета и врз основа на забелешките од граѓаните да подготви извештај со образложение за прифатени и неприфатени забелешки.

3. Комисијата се состои од 3 члена од кои еден член е претставник на изработувачот на планот, еден член – вработено лице од општинската администрација надлежно за урбанистичко планирање и еден член е стручен работник од областа на урбанистичкото планирање.

Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

4. За членови на Комисијата се именуваат:
- Елена Андреева, д.и.а - Претставник од Ин-пума- Скопје
- Сандра Ангелов д.и.а – стручен работник од областа на урбанистичкото планирање
- М-р Ивана Зафировски д.и.а – Претставник од Општина Кисела Вода

5. Решението да се достави до членовите на Комисијата

6. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

ГРАДОНАЧАЛНИК

На Општина Кисела Вода

Филип Темелковски